К-4-2022

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - четврти квартал 2022 година -


## Резиме

- Во К-4-2022 е забележан **раст на економската активност** од 0,6% на годишна основа, со што вкупниот раст во 2022 година изнесува 2,1%;
- **Бројот на вработени** во К-4-2022, во однос на претходниот квартал, е намален за 0,4%. **Бројот на невработени** во К-4-2022 се намали за 2,6%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 14,0%;
- Просечната **нето-плата** во К-4-2022 изнесува 33.489 денари и бележи раст од 13,9% на номинална основа, односно се намали за 4,6% на реална основа, споредено со нето-платата во К-4-2021;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2022 се повисоки за 7,1%, а вкупните буџетски расходи за 14,9% споредено со истиот квартал од 2021 година;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2022 изнесува 19,4% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2022 забележа раст од 4,8% на квартална основа;
- Во К-4-2022 е забележан раст на **извозот на стоки** од 19,3% и на **увозот на стоки** од 17,5% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 18,2%.



MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Содржина:

1. Економска активност ........................................ 3
2. Пазар на работна сила ........................................ 4
3. Јавни финансии ........................................ 5
   3.1. Буџетски приходи според економската класификација ........................................ 5
   3.2. Буџетски расходи според економската класификација ........................................ 6
   3.3. Расходи по буџетски корисници ........................................ 7
   3.4. Буџетски дефицит и државен долг ........................................ 9
4. Инфлација и монетарни движења ........................................ 10
5. Надворешен сектор ........................................ 13
   5.1. Надворешнотрговска размена ........................................ 13
   5.2. Платен биланс ........................................ 16

# 1. Економска активност

Во К-4-2022 е забележан **раст на економската активност** од 0,6% на годишна основа, со што вкупниот раст во 2022 година изнесува 2,1%.

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според производната страна на БДП, активноста во **услужниот сектор** се зголеми за 2,2%. Од услужните дејности, раст е забележан кај Трговија, транспорт и угостителство од 8,3%, Уметност, забава и рекреација од 1,5%, Дејности во врска со недвижен имот од 1,3% и Стручни, научни и технички дејности од 0,5%. Пад е забележан кај Информации и комуникации од 2,0%, Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 1,9% и Финансиски и дејности на осигурување од 0,9%.

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 1,1%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа пад од 3,2%.

**Земјоделството** забележа пад од 0,9% на годишна основа, додека **градежната активност** опадна за 8,1% што, согласно месечните податоци, се должи на падот во сегментот нискоградба, додека кај високоградбата се забележува раст во четвртиот квартал.

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на растот на потрошувачката и на позитивниот придонес на нето-извозот врз економскиот раст.

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

Потрошувачката забележа раст на реална основа од 1,9%, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 3,0%, додека **јавната потрошувачка** се намали за 2,8% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа пад во четвртиот квартал од 5,3%, по остварениот раст во првите три квартали од 2022 година.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 10,2% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** порасна за 6,5%. Оттука, нето-извозот бележи позитивен придонес врз економскиот раст.

## 2. Пазар на работна сила

Во К-4-2022, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица**[1] во однос на К-3-2022 е намален за 3.009 лица, односно за 0,4%. Најголем пад на вработеноста се забележува во услужната дејност (2.850 лица или 0,7%), а потоа следи градежниот сектор со квартален пад на бројот на вработени од 2.294 лица или 5,2%, додека индустријата и земјоделскиот сектор бележат раст на вработеноста за 2.888 лица (1,7%) и 741 лице (1,1%), соодветно.

Во рамки на индустријата, најголем раст на вработеноста се јавува во секторот Преработувачка индустрија (4.403 лица или 3,2%), следен од секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (690 лица или 9,1%), додека пад на вработеноста во рамки на оваа дејност бележат секторите Снабдување со вода, отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (1.462 лица или 9,8%) и Рударство и вадење камен (743 лица или 10,6%).

[1] При обработка на податоците за IV тримесечје од 2022 година користени се прогнозираните податоци за населението во 2022 година од Пописот 2021.

Анализирано според економскиот статус, раст на вработеноста во однос на К3 2022 година се забележува кај неплатените семејни работници (2.121 или 10,0%) и работодавците (339 или 1,3%), а намалување на вработеноста бележат вработените (3.808 или 0,7%) и самовработените (1.661 или 2,5%).

**Стапката на вработеност** во К-4-2022 изнесува 47,2% и во однос на претходниот квартал е намалена за 0,1 п.п..

Графикон 2.1. Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

**Бројот на невработени лица** е намален за 3.039 лица, односно за 2,6% во однос на К-3-2022. **Стапката на невработеност** во К-4-2022 се намали на 14,0%, односно за 0,3 п.п. во споредба со третиот квартал од 2022 година (Графикон 2.1).

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-3-2022 е намалена во следните групи: кај лицата на возраст од 15 до 24 години за 8,9% и кај лицата од 50 до 64 години за 5,6%, додека раст на невработеноста се забележува кај лицата на возраст од 25 до 49 години за 0,1%. Според половата структура, стапката на невработеност во К4 2022 споредено со претходниот квартал е зголемена за 0,5 п.п. кај женското население и изнесува 12,0%, што е за 3,3 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е намалена за 0,9 п.п. и изнесува 15,3%.

**Бројот на активно население** е намален за 6.048 лица, односно за 0,7% на квартална основа. Активното население во К-4-2022 сочинува 54,9% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,3 п.п. во споредба со претходниот квартал.

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2022 изнесува 33.489 денари и истата е повисока за 13,9% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2021 година, додека на реална основа нето-платата е пониска за 4,6%. (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-4-2022 изнесува 50.117 денари и бележи раст од 14,1% на номинална основа, а на реална основа истата е пониска за 4,4%.

**Продуктивноста на трудот** во К-4-2022 е зголемена за 1,0%, што е последица на растот на производството при истовремено намалување на стапката на вработеност.

## 3. Јавни финансии

### 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2022 учествуваат со 27,8% во кварталниот БДП и истите се повисоки за 7,1% споредено со четвртиот квартал од 2021 година, а притоа раст бележат даноците од 6,6%, придонесите од 12,7% и неданочните приходи од 22,0%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај персоналниот данок на доход, данокот на добивка, ДДВ и увозните давачки.

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2022 е зголемена за 1,2%, а на директните даноци за 22,2% во однос на К-4-2021. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,2 п.п. на годишно ниво,

односно од 4,3% во четвртиот квартал минатата година на 4,5% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-4-2022 изнесува 11,1% и е пониско за 1,7 п.п. во однос на К-4-2021 кога изнесуваше 12,8%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 46,1% од вкупните даночни приходи во К-4-2022, а се повисоки за 0,7% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2021 година, приходите од акцизи се пониски за 0,5%, а приходите од царински давачки се повисоки за 9,3%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 14,1%, а кај приходите од данокот на добивка зголемување од 45,2% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 12,7%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 12,4%, кај придонесите за здравствено осигурување од 13,2% и кај придонесите за вработување од 13,4%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 2,0% од кварталниот БДП, во К-4-2022 беа реализирани за 22,0% повеќе во однос на истиот квартал од 2021 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-4-2022 беа повисоки за 90,4% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 60,3% во споредба со истиот квартал од 2021 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2022, со учество од 36,2% во кварталниот БДП, се повисоки за 14,9% споредено со истиот квартал од 2021 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 29,4% од кварталниот БДП, учествуваат со 81,0% во вкупните расходи и истите беа реализирани за 5,5% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа зголемување од 4,3%, а расходите за плати и надоместоци од

5,8% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 60,6% во вкупните расходи, беа реализирани за 5,3% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 14,4% и учествуваа со 43,2% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 15,5% и забележаа учество од 24,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,7% и забележа намалување од 13,1% во однос на четвртиот квартал од 2021 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 19,2%, додека субвенциите и трансферите се намалија за 31,8% споредено со К-4-2021.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 20,3% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 12,1%, а каматните расходи по надворешен долг зголемување од 46,4%.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 6,9% од кварталниот БДП, се реализирани за 85,3% повеќе споредено со истиот квартал од 2021 година и остварија учество од 19,0% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 82,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-4-2022 година реализираше 12.265 милиони денари или 22,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (60,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.462 милиона денари или 21,2% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 25,9% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 25,6% (3.181 милион денари) од планираните за 2022 година.

**Министерството за образование и наука** во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 8.310 милиони денари, што е 28,4% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (56,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.719 милиони денари или 27,4% од вкупно планираните средства. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество од 15,4%, за што се потрошени 1.278 милиони денари, односно 34,8% од вкупно предвидените.

Во периодот К-4-2022 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[2] реализирани се 9.646 милиони денари што претставува 31,7% од предвидените за 2022 година. Отплата на главнина (5.593 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 58,0%, а потоа следува Каматни плаќања со учество од 14,3% и исплата од 1.380 милиони денари.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2022 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Владата на Република Северна Македонија** во К-4-2022 година реализираше вкупно 7.727 милиони денари, односно 39,2% од планираните средства за 2022 година. Притоа, капиталните расходи имаат доминантно учество од 75,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 5.830 милиони денари (81,1% од предвидените средства).

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 2.727 милиони денари, што претставува 23,2% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 74,5%, за што се потрошени 2.033 милиони денари или 25,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,8%, за што се реализирани 514 милион денари или 20,3% од годишниот план.

Во периодот К-4-2022 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализираше средства во износ од 1.956 милион денари што претставува 22,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 90,1% во вкупните расходи, реализирани се 22,3% од планираните средства, односно 1.762 милиона денари.

**Министерството за здравство** во периодот К-4-2022 година изврши буџетски средства во износ од 2.714 милиони денари, што е 35,4% од вкупниот буџет за 2022 година. Расходите за стоки и услуги имаат најголемо учество во вкупните расходи од 50,4%, за што во овој период се потрошени 1.367 милиони денари или 41,3% од средствата наменети за 2022 година. За тековни трансфери до вонбуџетските фондови се издвоени

[2] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

1.180 милиони денари, односно 33,7% од вкупно планираните.

**Министерството за одбрана** во периодот К-4-2022 година реализираше буџетски средства во износ од 5.038 милиони денари, што е 39,1% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаат најголемо учество со 54,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 2.742 милиона денари, односно 77,2% од вкупно предвидените. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 24,3% и исплата од 1.224 милиони денари, што е 27,5% од планираните средства за тековната година.

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализираше средства во износ од 2.451 милион денари, што е 42,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 45,0% од предвиденото за цела година (1.955 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2022 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 19.427 милиони денари или 8,4% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет 16.849 милиони денари, односно 7,3% од кварталниот БДП.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2022 изнесува 48,7% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,6 п.п. во однос на К-3-2022. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2022 е зголемено за 0,6 п.п. и изнесува 60,5%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно намалено и изнесува 39,5% од вкупниот државен долг.

# 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2022 изнесува 19,4% (17,2% во претходниот квартал) на годишна основа и е зголемена за 2,2 п.п. во споредба со К-3-2022. Растот на потрошувачките цени во четвртиот квартал се должи пред сѐ на растот на цените на храната како и на зголемувањето на цените на енергентите, во согласност со растот на цените на светските берзи.

Базичната инфлација регистрира раст од 10,0% во четвртиот квартал (8,1% во К-3-2022) и истата ги отсликува преносните ефекти од зголемениот раст на цените на храната и енергентите, при што најголем придонес има категоријата Ресторани и хотели. Базичната инфлација регистрира нагорен тренд и се очекува притисокот од истата да продолжи и наредната година.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Генерално, зголемувањето на домашните цени ја рефлектира неизвесноста поврзана со растот на цените на енергентите и на примарните производи на светските берзи поради ценовните нарушувања предизвикани од војната во Украина и нејзините економски последици.

Гледано по компоненти, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во К-4-2022 регистрираа раст од 29,4% (25,8% во претходниот квартал), пред сѐ како резултат на зголемените цени на лебот и житариците, месото и млекото, сирењето и јајцата.

Раст на потрошувачките цени во К-4-2022 се бележи и во следните категории: Ресторани и хотели од 21,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 20,1%, Транспорт од 15,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 14,7%, Разновидни стоки и услуги од 14,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,9%, Рекреација и култура од 5,0%, Здравствена заштита од 4,8%, Облека и обувки од 3,1%, Комуникации од 1,0% и Образование од 0,3,%. Во четвртиот квартал, цените на мало регистрираа раст од 15,2%.

Како одговор на растечката инфлација и инфлациските очекувања во четвртиот квартал[3] од 2022 година, Народната банка во три наврати ја зголеми **основната каматна стапка,** односно од 3,0% на крајот од третиот квартал на 4,75% во декември 2022 година.

[3] Податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, беа зголемени и каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена и истите изнесува 2,65% и 2,70%, соодветно

Одлуката за затегнување на монетарната политика се заснова врз оцените дека увозните ценовни притисоци се подолготрајни и посилни, што создава одредени преносни ефекти кај повеќе ценовни категории и делува врз инфлациските очекувања.

**Примарните пари**[4]**,** во К-4-2022, забележаа раст од 0,6% на квартална основа (во претходниот квартал е забележан пад од 4,5%), како резултат на растот на готовите пари во оптек за 4,9%, додека вкупната ликвидност на банките се намали за 4,1%.

Во однос на К-4-2021, примарните пари се намалија за 1,7% (во К-3-2022 е забележан пад од 9,3%), како резултат на падот на вкупната ликвидност на банките од 8,4%, а готовите пари во оптек регистрираа раст од 4,8%.

Во К-4-2022, најтесната парична маса М1[5] забележа раст од 6,6% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 4,7%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 4,8% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[6] на банките во К-4-2022 се зголеми за 4,8% на квартална основа, по растот од 3,0% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 9,3%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 3,1%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити регистрираа раст од 6,1%, а девизните депозити од 3,3%.

Степенот на евроизација е намален за 0,7 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 44,5%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2022 се зголеми за 0,1 п.п. споредено со претходниот квартал и истото изнесува 19,8% (во К-3-2022 изнесуваше 19,7%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 2,7%.

**Кредитната активност** на банките во К-4-2022 забележа раст од 2,6% на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 1,1%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 3,9% и на кредитите кон домаќинствата од 1,4%. Од валутен

[4] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[6] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

аспект, денарските и девизните кредити во К-4-2022, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 2,1% и 3,4%, соодветно.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2022 во однос на претходниот квартал бележат раст од 3,1%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,3%.

**Каматната стапка**[7] на денарските кредити во К-4-2022 изнесува 4,69% и истата е зголемена за 0,03 п.п. во споредба со претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2022 изнесува 4,10% и истата е зголемена за 0,13 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2022 изнесува 1,19% и забележа раст од 0,15 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,49% и истата е зголемена за 0,08 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2022 изнесува 4,83%, а на новоодобрените девизни кредити 4,36%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,80% и 0,98%, соодветно.

[7] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-4-2022 изнесува 5.265,9 милиони евра и бележи раст од 18,2% во однос на истиот квартал од 2021 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-4-2022 изнесува 2.142,3 милиони евра и во однос на К-4-2021 бележи раст од 19,3%, додека во однос на претходниот квартал раст од 4,0%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-4-2022 во однос на истиот квартал од 2021 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 50,0% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата хемиски материи и производи за 244,7 милиони евра или за 57,3% );
- минерални горива и мазива за 208,5% (електрична енергија за 85,2 милиона евра или 491,5%);
- машини и транспортни уреди за 4,3% (друмски возила за 41,6 милиони евра или 76,8%; електрични машини, апарати и делови за 36,2 милиона евра или 13,3%);
- разни готови производи за 28,5% (мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слично за 23,7 милиони евра или 35,1%; облека за 23,5 милиони евра или 25,4%);
- производи за храна за 16,0% (овошје и зеленчук за 9,0 милиони евра или 18,4%; жита и преработки од жита за 4,7 милиони евра или 17,8%) и
- животински и растителни масла за 15,7% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,7 милиони евра или 17,1%).

Негативно придвижување во извозот се забележува во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 23,3% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата железо и челик за 93,2 милиона евра или 42,6%);
- пијалаци и тутун за 27,5% (тутун и производи од тутун за 14,2 милиона евра или 53,3%) и
- суровини освен гориво за 4,5% (метална руда и отпадоци од метал за 8,1 милион евра или 11,0%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2022 раст на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 178,6 милиони евра или 18,5%;
- горива и мазива за 92,8 милиони евра или 217,0%;
- транспортна опрема за 58,8 милиони евра или 27,2%;
- стоки за широка потрошувачка за 34,0 милиони евра или 17,4% и
- храна и пијалаци од 19,6 милиони евра или 15,4%.

Намалување на извозот е забележано само во групата производи за инвестиции без транспортна опрема за 35,5 милиони евра или 14,3%.

**Увозот на стоки** во К-4-2022 изнесува 3.123,6 милиони евра и е зголемен за 17,5% во однос на К-4-2021, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 3,3%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-4-2022 во однос на К-4-2021 се забележува во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 20,6% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: обоени метали за 102,0 милиона евра или 33,1%; изработки од неметални минерали за 34,5 милиони евра или 31,1%);
- минерални горива и мазива за 38,5% (нафта и производи од нафта за 90,5 милиони евра или 48,8%; гас, природен и индустриски за 86,6 милиони евра или 157,8%);
- машини и транспортни уреди за 17,0% (електрични машини, апарати и делови за 84,3 милиони евра или 35,9%);
- хемиски производи за 3,4% (неоргански хемиски производи за 16,3 милиони евра или за 12,8% );
- производи за храна за 15,3% (месо и преработки од месо за 9,2 милиона евра или 23,0%; млечни производи и јајца за 6,0 милиони евра или 36,3%);
- разни готови производи за 5,7% (облека за 4,2 милиона евра или 11,4%; обувки за 2,1 милион евра или 19,4%) и
- пијалаци и тутун за 19,3% (тутун и производи од тутун за 2,9 милиони евра или 47,8%).

Негативно придвижување кај увозот се забележува во следните сектори:

- суровини освен гориво за 22,3% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата метална руда и отпадоци од метал за 12,9 милиони евра или 48,0%) и
- животински и растителни масла за 10,4% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,5 милиони евра или 11,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2022 раст на увозот е забележан кај сите групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 168,9 милиони евра или 13,2%;
- горива и мазива за 151,3 милиони евра или 42,1%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 77,3 милиони евра или 19,8%;

- храна и пијалаци за 33,0 милиони евра или 13,6%;
- стоки за широка потрошувачка за 20,2 милиона евра или 8,0% и
- транспортна опрема за 18,3 милиони евра или 15,0%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2022




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[8]) во К-4-2022 е зголемена за 19,4% во однос на К-4-2021, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 59,1% и е зголемено за 0,7 п.п. споредено со четвртиот квартал од 2021 година. Притоа, во К-4-2022 извозот на стоки учествува со 77,6%, а увозот на стоки со 46,4%.

[8]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-4-2022 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 246,2 милиона евра, што претставува 6,5% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 10,4% од БДП забележан во истиот квартал од 2021 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка *(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-4-2022 е намален за 86,4 милиони евра, односно 26,0%, што се должи на зголемувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 14,0% и на сметката на услуги за 143,6%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 3,1% и на сметката на примарен доход за 11,6%.

Во К-4-2022, **трговскиот дефицит** е зголемен за 24,4 милиони евра на годишно ниво, додека во процент од кварталниот БДП е намален за 3,0 п.п. на годишна основа, односно изнесува 21,8%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2022 изнесува 80,0 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2021 година е зголемен за 47,2 милиона евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2022 изнесува 155,6% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2021 е зголемена за 4,9 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-4-2022 забележа дефицит од 145,3 милиони евра и истиот е зголемен за 15,2 милиона евра на годишно ниво.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс *(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2022 изнесува 640,8 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 78,8 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на тековните трансфери за 125,5 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 97,2%, додека официјалните трансфери се намалени за 46,7 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 2,8%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-4-2022 изнесува 2,1 милион евра

наспроти суфицитот од 4,4 милиони евра остварен во К-4-2021. Влошувањето на салдото на капиталната сметка главно се должи на одливот на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2022 изнесуваат 246,4 милиони евра и во однос на К-4-2021 се зголемени за 66,5 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период главно потекнува од должнички инструменти (по кој основ е остварен 130,7% од вкупниот прилив на СДИ) и сопственички капитал (47,0% од вкупниот прилив на СДИ), додека по основ на реинвестирање на добивката е регистриран одлив.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-4-2022 изнесуваат 74,1 милион евра и во однос на истиот квартал од претходната година се зголемени за 39,2 милиона евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2022 се негативни и изнесуваат 213,0 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 107,5 милиони евра, додека сметките на заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 210,0 и 110,2 милиона евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на четвртиот квартал од 2022 година изнесуваат 3,9 милијарди евра и во однос на К-4-2021 се зголемени за 6,0%. Девизните резерви на крајот на К-4-2022 обезбедуваат 3,7-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.